АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-08-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3757 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола

3. **Датум на извршување на надзорот:** 17 август 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола (арх. бр.08-414 од 06.08.2018 година).

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола во 2017 година, Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година, вкупниот број на вработени во радиостаницата изнесувал четири лица, од кои како новинар со висока стручна спрема било ангажирано само едно лице. Поради тоа, на 08.05.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2318/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Заклучно со 29.07.2018 година, ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола не ги достави во Агенцијата бараните документи, при што беше извршен вонреден административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр.03-3515/1 од 30.07.2018 година), со кој беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови. Поради тоа, на 06.08.2018 година, овластеното лице од директорот на Агенцијата достави до Советот предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на овој радиодифузер (арх. бр.08-414), за што беше известен и самиот радиодифузер (Известување бр.08-414 од 08.08.2018 година). Радиодифузерот, исто така, беше известен и дека доколку не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на

приемот на предлогот од овластеното лице од директорот, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Овој рок истекува на 21.08.2018 година.

На 17.08.2018 година, ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола достави во Агенцијата Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 15.08.2018, издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија, и два договори склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица (арх.бр.03-2318/5 од 17.08.2018 година). Од доставената документација е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно три лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

7. **Предлог:** Имајќи предвид дека ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, се дава следниот предлог:

   - Директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот да донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***